Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за шумарство и ловство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati shtetëror Për pylltari dhe gjueti**

07 јуни/qershor, 2019

АРХИВСКИ БРОЈ/NUMRI ARKIVIT: 04 – 47/23

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот на Државен инспекторат за шумарство и ловство донесува:

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административен службеник во Државен инспекторат за шумарство и ловство**

1. Кандидатот **Сашко Стојанов** по пат на Интерен оглас број 01/2019 се избира за работно место ИНС0101В01001 Советник инспектор за инспекциски надзор во шумарството за I Регион – 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2019, со архивски број 04-47/1 од 04.02.2019 година.
3. Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 1[illegible]-1175/2 од 01.02.2019 година, директорот на Државен инспекторат за шумарство и ловство упати барање до одделението за управување со човечки ресурси бр. [illegible]3-36/3 од 04.02.2019 година, за објавување на интерен оглас во Државен инспекторат за шумарство и ловство.

По добиеното барање, Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 01/2019 за унапредување на 7 (седум) административни службеници на ден 04.02.2019 година, на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 2. на интерниот оглас е работното место ИНС0101В01001 Советник инспектор за инспекциски надзор во шумарството за I Регион – 1 извршител.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр. 04-47/16 од 05.06. 2019 година, направи административна селекеција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државен инспекторат за шумарство и ловство.

Врз основа на освоените бодови од административна селекеција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави записник, од административна селекција за интерен оглас бр.04-47/1 од 04.02.2019 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-47/20 од 07.06.2019 година, за работно место под реден број 2. категорија В1 и изготви Финална ранг листа на интервју и ранг кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2019.

Врз основа на ранг листата директорот донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

ДржавенинспекторатзашумарствоилoвствонаРепубликаСевернаМакедонија
InspektoratishtetërorpërpylltaridhegjuetiiRepublikëssëMaqedonisësëVeriut
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Rr. „Aminta Treti" nr.2, Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3241826
Email:disl@mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за шумарство и ловство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati shtetëror Për pylltari dhe gjueti**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

ДИРЕКТОР/DREJTOR

Ejup Jaja

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut INSPEKTORATI SHTETËROR PËR PYLLTARI DHE GJUETI Shkup

Доставено до/ dorzuar:
- Именуваниот административен службеник
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Изработил/Përgaditi: Mazez Qaili

ДржавенинспекторатзашумарствоилoвствонаРепубликаСевернаМакедонија
InspektoratishtetërorpërpylltaridhegjuetiiRepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Rr. „Aminta Treti“ nr.2, Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3241826
Email:disl@mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015